# СТРАТЕГИЈА
# ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
# НА СТАТУСОТ ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ
# ОПЕРАТОР
# 2021-2023

**Содржина**

1. ВОВЕД .......... 4
2. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ .......... 6
3. АКТИВНОСТИ .......... 6
4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ .......... 8

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | 06-07-2021 | Прво издание | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Референтни документи | |
|---|---|
| Референца | Наслов на документот |
| Меѓународни договори | Централно европски Договор за слободна трговија – ЦЕФТА Дополнителен протокол 5 |
| Закони | Закон за Царинската управа „Службен весник на Република Македонија“ број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16 и 120/18 |
| | Царински закон „Службен весник на Република Македонија“ бр.39/25; 4/08; 48/10; 158/10; 44/11; 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18 |
| Стратешки план | Стратешки план на Царинската управа на Република Северна Македонија 2021-2023 |
| Одлука | Одлука на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА Договорот бр, 1/2019 за воспоставување на процедура за валидација на ОЕО програмата на ЦЕФТА страните во однос на ОЕОС |
| Извештај | Извештај за взаемно признавање на Програмата за овластен економски оператор од ЦЕФТА тим за валидација |
| | |
| | |

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| ЦЕФТА | Централноевропски Договор за слободна трговија |
| ДП5 | Дополнителен протокол 5 |
| ОЕО | Овластен економски оператор |
| ОЕОС | Овластен економски оператор за безбедност и сигурност |
| ОЕОЦ | Овластен економски оператор за царински поедноставувања |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и 122/21) директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР 2021-2023

## 1. ВОВЕД

Законот за ратификација на Дополнителниот протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централноевропскиот Договор за слободна трговија е донесен и објавен во Службен весник на Република Македонија број 12 од 18.1.2018 година.

Анексот 3 од Дополнителниот протокол 5 се однесува на Овластениот економски оператор (ОЕО), критериумите и условите за издавање на одобрение, видовите на одобенија, поволностите кои се предвидени за имателите, услови за поништување, укинување и измена на одобренијата, надзор и можност за взаемно признавање на издадените одобренија во ЦЕФТА страните.

Анексот 3 од Дополнителниот протокол 5 е во целост усогласен со соодветните одредби на Царинскиот закон на Европската унија (Union Customs Code UCC) како и соодветните одредби на Делегираната уредба и Уредбата за имплементација.

Одлуката на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА Договорот бр. 1/2019 е усвоена на 18 декември 2019 година. Со оваа Одлука се воспоставува процедурата за взаемно признавање на програмите ОЕО во ЦЕФТА страните кои се однесуваат на ОЕОС.[1]

Согласно Одлуката бр. 1/2019 Царинската управа поднесе барање за почеток на процедурата за валидација на ОЕО програмата до ЦЕФТА Секретаријатот во 2020 година, врз основа на кое се спроведе мисија за валидација од страна на тим избран од ЦЕФТА Секретаријатот во деновите 18-21.01.2021 и соодветно на што доставен е Извештај до Царинската управа со кој е дадена позитивна оценка на воспоставената ОЕО програма во Република Северна Македонија.

---

[1] Објавени на страницата на ЦЕФТА Секретаријатот на следниов линк https://cefta.int/legal-documents/#1463498231136-8f9d234f-15f9

Натамошната афирмација и унапредувањето на самиот концепт претставува и дел од Стратешкиот план на Царинската управа на Република Северна Македонија 2021-2023 бр. 01-015113/21-0001 од 17.03.2021 година, точка 5.1.3 – Обезбедување едноставни и предвидливи процедури и формалности.

Преку унапредување на статусот ОЕО се создаваат услови за остварувањето на стратешките приоритети на оваа Стратегија, а сè со цел подигнување на нивото и значењето на самиот статус за имателите на одобренија, царинските службеници и можните иматели на одобренија.

До јули 2021 година Царинската управа има издадено вкупно 18 одобренија ОЕО од кои:

- 13 одобренија за царински поедноставувања/безбедност и сигурност – ОЕОЦ/ОЕОС;
- 2 одобренија за царински поедноставувања – ОЕОЦ;
- 3 одобренија за безбедност и сигурност – ОЕОС.




Според улогите во меѓународниот синџир на снабдување кои го имаат одобрените иматели на одобренија може да се класифицираат во следните категории:

- Царински застапник и држател на царински склад – 7 иматели;
- Производител и извозник – 4 иматели;
- Царински застапник – 3 иматели;
- Превозник – 3 иматели;
- Увозник – 1 имател.




## 2. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Унапредувањето на концептот овластен економски оператор и целосното спроведување на поволностите, во царинското подрачје и во ЦЕФТА регионот, што тој ги нуди за имателите на одобренија се овозможува остварување на стратешките приоритети на оваа Стратегија и тоа:

- Склучување на договори за взаемно признавање на ОЕО програмата;
- Олеснување на трговијата за имателите на одобренија ОЕО;
- Поефикасно спроведување на царинските постапки од страна на вработените во Царинската управа;
- Воспоставување партнерски однос со имателите на одобренија ОЕО;
- Зголемување на бројот на иматели на одобренија кои спроведуваат различни улоги во меѓународниот синџир на снабдување.

## 3. АКТИВНОСТИ

Остварувањето на стратешките цели зависи од преземање на активности во повеќе сегменти.

### 3.1 Усогласување на националното законодавство со измените во ЕУ легислативата која се однесува на ОЕО

- Подготовка на Предлог измена на Уредбата за спроведување на царинскиот закон согласно измената на Уредбата за имплементација на Европската унија на членот 24 бр. 2020/1717 .

### 3.2 Ажурирање на интерните акти

- Усогласување на Прирачникот за ОЕО согласно усвоените измени во Уредбата за спроведување на царинскиот закон и усогласување со верзија 7 на Прирачникот за ОЕО на ЕУ и воспоставување на ОЕО компакт модел за анализа на ризик на (ГД за даноци и царина TAXUD/1452/13 од 13.06.2006);

- Ажурирање на Процедурата за издавање на одобренија за ОЕО со сегменти на спроведување на контрола по поднесено барање и следење на одобренија базирана на анализа на ризик;

- Обезбедување на намалени физички контроли и намалени контроли на документи во однос на другите економски оператори;

- Анализа на можноста за структурна и постојана размена на информации меѓу организациските единици на Царинската управа и информации за ризик со други државни органи;

- Обезбедување на приоритет во вршење на контролите кај овластените економски оператори, преку дефинирање на процедура во интерните упатства за царинење на стока.

### 3.3 Интеринституционална соработка

- Подготвување на Меморандуми за разбирање/соработка со други државни органи кои за цел ќе имаат вклучување на поволности за имателите на ОЕО и размена на информации.

### 3.4 ИТ систем

- Унапредување на функционалност на системот за економски оператори и управување со одобренија за ОЕО и размена на заеднички сет на податоци поврзани со меѓусебно признавање на ОЕО меѓу земји членки на ЦЕФТА, согласно Анекс 1, Прилог 3 на АП5.

### 3.5 Транспарентност

- Реорганизација на интернет страницата на Царинската управа со поставување на логото „овластен економски оператор“ објавено со Прирачникот за ОЕО на почетната страница, со цел зголемување на пристапноста на информациите поврзани со ОЕО за заинтересираните субјекти;

- Објавување на сите активности поврзани со унапредување на статусот ОЕО.

### 3.6 Организација

- Подготвување на предлог за измена во Правилникот за организација и работа во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа со работната обврска и надлежност на учесниците во процесот на контрола, издавање, следење и повторна проценка на одобренија за ОЕО;

- Зголемување на бројот на вработени вклучени во процесот на спроведување на контрола, издавање, следење и повторна проценка на издадените одобренија ОЕО.

### 3.7 Обуки

- Организирање и спроведување на обуки за сите цpraински службеници за статусот ОЕО со акцент на потребните критериуми кои треба да се исполнат за стекнување на статусот и поволностите за имателот на статусот ОЕО;

- Организирање на обуки за учесниците во процесот на издавање на одобренија за безбедност и сигурност, финансиска солвентност и ИТ безбедност.

### 3.8 Работилници

- Организирање на работилници за можни иматели на статусот ОЕО, стопански комори и државни органи на централно и регионално ниво.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Мерливоста на реализацијата на оваа Стратегија и спроведувањето на предвидените активности се врши преку 01.10.00.СТ.045.01-ОБ.01.01 Акцискиот план кој е составен дел на оваа Стратегија.

Акцискиот план ги содржи утврдените активности, носителите на реализацијата на истите, индикаторите за успешност и потребните рокови за нивно спроведување.

Носителите на активноста квартално го информираат директорот на Царинската управа, до 5-тиот работен ден во новиот квартал за преземените активности во претходниот квартал.

Со потпишувањето на оваа Стратегија, Стратегијата за развој на концептот овластен економски оператор бр. 01-067927/18-0001 од 09.08.2018 година престанува да важи.

Оваа Стратегија стапува во сила со денот на потпишувањето.

ВД Директор,
м-р Горан Сугарески

Бр. 01-067927/18-0002
Скопје, 01.07.2021 г.

06-07-2021

| | |
|---|---|
| Стратегијата ја подготви: | Сектор за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија,<br>Управници на царинарници. |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.СТ.046.01-ОБ.01.01

# АКЦИСКИ ПЛАН
## за спроведување на Стратегијата за унапредување на статусот ОЕО
## 2021-2023

јули 2021

| Ред.бр | Активност | Индикатор на успешност | Носител | Учесник | Рок |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Подготовка на Предлог измена на Уредбата за спроведување на царинскиот закон согласно измената на Уредбата за имплементација на Европската унија на членот 24 бр. 2020/1717 | Донесена измена на УСЦЗ | СЦС | | 31.12.2021 |
| 2. | Усогласување на Прирачникот за ОЕО согласно усвоените измени во Уредбата за спроведување на царинскиот закон и ОЕО компакт моделот за анализа на ризик | Донесен Прирачник за ОЕО | СЦС | | 6 месеци од денот на објавување на измена на УСЦЗ во СВ на РСМ |
| 3. | Усогласување на Прирачникот за ОЕО согласно рев.верзија 7 на Прирачникот за ОЕО на ЕУ | Донесен Прирачник за ОЕО | СЦС | | 6 месеци од денот на објавување на ЕУ Прирачникот за ОЕО |
| 4. | Промоција на можностите што ги нуди взаемното признавање на одобренијата ОЕО во ЦЕФТА | Спроведени работилници и кампања | СЦС | | 30.06.2022 |
| 5. | Иницијатива и подготовка на Договори за взаемно признавање на ОЕО програмата | Склучени договори | ОМС | | континуирано |
| 6. | Ажурирање на Процедурата за издавање на одобренија за ОЕО со сегменти на спроведување на контрола по поднесено барање и следење на одобренија базирана на анализа на ризик | Донесена Процедура за издавање на одобренија за ОЕО | СЦС | СКИ | 31.12.2021 |
| 7 | Воспоставување на ОЕО компакт модел за анализа на ризик | Имплементација на модулот | СЦС | СКИ<br>СИКТ | 30.06.2022 |
| 8. | Обезбедување на намалени физички контроли и намалени контроли на документи во однос на другите економски оператори | Системски имплементирани профили | СКИ | | 30.09.2021 |
| 9. | Анализа на можноста за структурна и постојана размена на информации меѓу организациските единици на Царинската управа и информации за ризик со други државни органи | Изработена анализа | СКИ | СИКТ | 30.09.2021 |
| 10 | Унапредување на функционалност на системот за економски оператори и управување со одобренија согласно АП 5 | Ставање во продукција на нова верзија на МЕОС | СЦС | СОЦДАД | 31.12.2021 |
| 11. | Подготвување на Меморандуми за разбирање/соработка со други државни органи кои за цел ќе имаат вклучување на поволности за | Потпишани Меморандуми | СА | СЦС | 31.12.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | имателите на ОЕО и размена на информации | | | | |
| 12. | Реорганизација на интернет страницата на Царинската управа со поставување на логото „овластен економски оператор" | Ажурирана интернет страница | СИКТ | СЦС | 30.07.2021 |
| 13. | Објавување на сите активности поврзани со унапредување на статусот ОЕО | Ажурирана интернет страница | СЦС | СИКТ | континуирано |
| 14. | Подготвување на предлог за измена во Правилникот за организација и работа во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа со работната обврска и надлежност на Секторот за ИКТ и самиот Сектор за ИКТ за учество во контролите по поднесено барање за ОЕО, вклучувајќи и учество во случај на повторна проценка на издадено одобрение | Донесени измени во Правилниците | СИКТ | СУЧР | 30.07.2021 |
| 15. | Подготвување на предлог за измена во Правилникот за организација и работа во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа со работната обврска и надлежност на вработените во Секторот за финансиски прашања и самиот Сектор за финансиски прашања за давање на мислење за финансиска солвентност по поднесено барање за ОЕО | Донесени измени во Правилниците | СФП | СУЧР | 30.07.2021 |
| 16. | Подготвување на предлог за измена во Правилникот за организација и работа во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа со работната обврска и надлежност на вработените во Царинарниците и самите Царинарници за учество во контролите по поднесено барање за ОЕО, вклучувајќи и учество во случај на повторна проценка на издаденото одобрение | Донесени измени во Правилниците | Царинар ници | СУЧР | 30.07.2021 |
| 17. | Изготвување на измена во Правилникот за организација и работа во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа со работната обврска и надлежност на вклучените организациски единици во процесот на издавање, следење и повторна проценка на одобренија ОЕО | Донесени измени во Правилниците | СУЧР | | 31.12.2021 |
| 18. | Зголемување на бројот на вработени во Одделението за царински и даночни постапки | Зголемен број | СУЧР | | 31.12.2021 |
| 19. | Определување на тим царински службеници (најмалку 10) кои | Формирани | Царинар | | 30.07.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | постојано ќе учествуваат во контролите по поднесено барање за ОЕО и доставување на информацијата до Секторот за царински систем и Секторот за управување со човечки ресурси. | тимови | ници | | |
| 20. | Обуки за ОЕО за сите царински службеници | Спроведени обуки | СЦС | СУЧР | Континуирано |
| 21. | Обуки за за учесниците во процесот на издавање на одобренија за безбедност и сигурност, финансиска солвентност и ИТ безбедност | Спроведени обуки | СУЧР | | Континуирано |
| 22. | Работилници за имателите на одобренија ОЕО за новини во царинското законодавство | Спроведени работилници | СЦС | СУЧР | На секои две години |
| 23. | Работилници со можни иматели на одобренија, стопански комори и државни органи | Спроведени работилници | СЦС | СУЧР | Континуирано |
| 24. | Подготовка и спроведување на обуки за вработените во Царинската управа, учесници во процесот на издавање на одобренија ОЕО, а поврзани со критериумите за ОЕО во делот кој се однесува на ИТ услови и критериуми | Спроведени обуки | СИКТ | СУЧР | Континуирано |
| 25. | Подготовка и спроведување на обуки за вработените во Царинската управа, учесници во процесот на издавање на одобренија за ОЕО, а поврзани со критериумите за ОЕО во делот за анализа на ризик и спроведување на системски контроли во корелација со критериумите за издавање на одобренија ОЕО. | Спроведени обуки | СКИ | СУЧР | Континуирано |
| 26. | Преземање на активности за спроведување на теренска контрола на издадените одобренија ОЕО кои во целост се издадени преку дигитални апликации, по намалување односно прекинување на рестрикциите поврзани со КОВИД 19 со акцент на безбедносните аспекти и критериуми и исполнување на обврската за безбедност на деловните партнери | Спроведени контроли | СЦС | | 3 месеци по прекинување на рестрикциите |
| 27. | Обезбедување на приоритет во вршење на контролите кај овластените економски оператори, преку дефинирање на процедура во интерните упатства за царинење на стока | Донесени измени на интерни упатства | СЦС | | 30.06.2022 |
| 28 | Воспоствување на интерфејс за размена на заеднички сет на податоци поврзани со меѓусебно признавање на ОЕО меѓу земји членки на ЦЕФТА, преку CEED+, | Воспоставен интерфејс | СИКТ | СЦС | Согласно АП за CEED+ |